# Женската ракометна селекција ќе подели награда од 10.000 евра

Женската ракометна репрезентација на Македонија ќе добие 10.000 евра како награда за остварениот пласман во баражот за пласман на Светското првенство идната година, реши управниот одбор на Ракометната федерација на Македонија (РФМ), по предлог на претседателот Живко Мукаетов.

- Пласманот во баражот е успех за женската селекција, со оглед на тоа што немавме победа повеќе години. Ова е позитивен исчекор и лично сум многу задоволен - изјави Мукаетов.

На седницата беа усвоени извештаите за настап на женската сениорска репрезентација на квалификацискиот турнир, за одиграните квалификациски натпревари на машката сениорска репрезентација за пласман на ЕП 2018, потоа информациите за подготовките на сениорската машка репрезентација за учество на СП во Франција и на јуниорската репрезентација за пласман на СП во Алжир 2017, како и активностите поврзани со конвенцијата РИНГ за едукација на тренери. Усвоен беше датумот 7 февруари 2017 година за редовно собрание на РФМ.

# Темелковски ги одбра младинци

На седницата на Управниот одбор на Ракометната федерација на Македонија Илија Темелковски беше назначен за селектор на машката младинска ракометна репрезентација (за играчи до 21 година), која од 4 до 6 јануари 2017 година во спортскиот центар „Кале“ во Скопје ќе игра квалификациски турнир за пласман на Светското првенство во Алжир во 2017 година.

Темелковски го објави списокот со ракометари на кои ќе смета во претстојните квалификациски мечеви од групата 3, со Полска, Португалија и со Турција.

Пласман на Мундијалот обезбедува само првопласираната селекција.




Фото: Игор Банскoлиев

| ИЗБОРОТ НА ТЕМЕЛКОВС | |
|---|---|
| *ГОЛМАНИ* | |
| Мартин Томовски | Ме |
| Никола Даниловски | Пе |
| *КРИЛА* | |
| Димитар Димитриоски | Мета |
| Давор Палевски | Ме |
| Мице Шилегов | Мет |
| Томислав Јагуриноски | Ме |
| *ПИКЕРИ* | |
| Филип Арсеновски | Ме |
| Милан Лазаревски | Мета |
| Михаил Аларов | П |
| *БЕКОВИ* | |
| Горан Крстевски | Ме |
| Марио Танкоски | Мета |
| Стефан Трпчевски | Вардар |
| Дарио Петровски | Еурофарм Ра |
| Дејан Кукуловски | Вардар |
| Иван Цонов | П |


ISPEHE

**Успешно имплементирање на најдобри меѓународни практики во високото образование во Р. Македонија**

На крајот на месец декември 2016 година под координаторство на Приватниот НАУЧЕН ИНСТИТУТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА од Скопје се очекува финализирање на меѓународниот проект за Иновативно стратешко партнерство за европско високо образование (ISPEHE) финансиран од Европската комисија, во рамките на Еразмус плус програмата, која ја спроведува Националната агенција за европски образовни програми на Р. Македонија. Проектот е исклучително значаен од повеќе аспекти: институција од Македонија за прв пат е координатор на овој вид европски проекти и од друга страна во соработка со уште четири реномирани високообразовни институции од Европската унија (Универзитетот Павиа од Италија, Универзитетот Љубљана од Словенија, Техничкиот универзитет од Латвија и Универзитетскиот колеџ за економија и култура од Латвија) постигнати се значајни резултати во однос на подобрување на техниките на учење и предавање, како и соработката со бизнис заедницата.

Проектните активности се поврзани со три иновативни компоненти: Интегриран образовен модел кој ги споделува најдобрите образовни практики помеѓу проектните партнери, заеднички Кариерен Центар, кој им овозможува на студентите полесен пристап до кариерни можности и советодавни услуги од експерти во различни полиња и креирање на Веб платформа која ги поврзува образовните институции, бизнис секторот и јавните претпријатија.

Сите проектни компоненти се фокусирани кон креирање на иновативен пристап за претприемничко образование и воспоставување на линк помеѓу високообразованите институции и бизнис заедницата. Сето тоа со цел да се воспостават заеднички модерни едукативни практики на база на постоечките наставни програми, да се подигне свеста за иновација и интрапретприемничката култура кај студентите, како и да се зајакне врската помеѓу високообразовните установи и бизнис секторот. Информации за проектот може да се прочитаат на веб страната: ispehe@org

Erasmus+


# Норвешка „претплатена“ на зла

*Досега се одржани 12 европски првенства во ракомет за жени, а Нор шка во неделата ја освои седмата титула (има и три сребра и една бр*

Норвешка ја продолжи ракометната доминација на континенталните шампионати за жени и со победата над Холандија со 30-29 (15-15), во финалето на Европското првенство во Шведска, стигна до своето седмо европско злато. Таа селекција од досега одржаните 12 ЕП има уште три сребра и една бронза, а единствено ЕП на кое не влезе во полуфиналето беше во 2000 година.

Франција ја освои бронзата. Од земјите од регионот Романија е петта, Србија е деветта, Црна Гора 13-та, Словенија 14-та, а Хрватска е последна, 16-та.

Холандскиот организатор на играта Нике Грот со 30 гола и 30 асистенции е избрана за најкорисна (МВП) ракометарка на ЕП, а наедно и за најдобар централен бек во идеалната седморка на првенството. Норвежанката Мерк со 53 гола, од кои 12 во финалето, заврши како најдобар стрелец и најдобар десен бек на ЕП.

Европските првенства се играат с година, а покрај Норвешка, досега п биле само уште Данска (трипати), Унг Црна Гора (по еднаш).

**ДОСЕГАШНИ ПРВЕНКИ**

| *ГОДИНА* | *РЕПРЕЗЕНТА* |
|---|---|
| 1994 | Данска |
| 1996 | Данска |
| 1998 | Норвешка |
| 2000 | Унгарија |
| 2002 | Данска |
| 2004 | Норвешка |
| 2006 | Норвешка |
| 2008 | Норвешка |
| 2010 | Норвешка |
| 2012 | Црна Гора |
| 2014 | Норвешка |
| 2016 | Норвешка |

Спорт

## Металург ги освои сите први места

Четирите екипи на Металург од генерациите 2000/2001 и 2002/2003 машки и женски се победници во своите категории на меѓународниот турнир во Нови Сад, одржан викендов. Ракометната доминација над своите врсници од регионот ја покажаа остварувајќи 17 убедливи победи и еден минимален пораз на 18 одиграни натпревари. Момчињата од генерацијата 2000/2001, предводени од тренерот Никола Матлиевски, завршија први во конкуренција на седум екипи, а момчињата од генерацијата 2002/2003 се први меѓу шест конкуренти. Меѓу седум екипи беа најдобри и девојките од генерацијата 2000/2001, предводени од Јулијана Црвенковска, а во конкуренција на четири екипи на првата позиција завршија и девојчињата од генерацијата 2002/2003 на тренерката Даниела Тасевска. **Та.Д.**

**ПЛАСМАНИ**

**Машки, 2000/01**
1. Металург
2. Југовиќ
3. Младост

**Машки, 2002/03**
1. Металург
2. Јединство
3. Младост

**Женски, 2000/01**
1. Металург
2. Темерин
3. Југовиќ

**Женски 2002/03**
1. Металург
2. Сингидунум
3. Милетиќ

# Во Маврово ќе се работи на сила, тактика и на психологија

*Селекторот Червар го знае рецептот за успех, а ние, ракометарите, треба во секој меч да пристапуваме крајно сериозно и да г... даваме максимум за она што ќе се побара од нас, вели бекот Талески, пред денешниот почеток на подготовките за СП 20...*

Со подготовките на машката ракометна репрезентација, кои почнуваат денеска во Маврово и ќе траат до 30 декември (прв дел), практично почнува операцијата наречена „Светско првенство Франција 2017“. По успешниот бараж-двомеч со Чешка во јуни, Македонија стана дел од овој голем ракометен собир, петти во нејзината историја.

Втората фаза од подготовките ќе се спроведе во новата година (од 2 до 10 јануари), по што ќе следува заминувањето на СП. Во овој период Македонија треба да одигра и три контролни средби во Скопје, со БиХ (од 4 до 6 јануари), од кои една ќе биде од отворен, а две од затворен тип. Поради обврски кон своите клубови во кои настапуваат, некои играчи подоцна ќе ѝ се приклучат на репрезентацијата.

- На Маврово ќе се подготвуваме на физички, тактички и на психолошки план. А тоа што ќе го сработиме во Маврово и во Скопје ќе имаме можност да го провериме на трите контролни средби со БиХ. Нема да почнеме во полн состав, очекувам задутре да се докомплетираме, а Дејан Манасков и Филип Миркуловски последни ќе ни се приклучат, во втората фаза - вели селекторот на репрезентација Лино Червар.



Фото: Игор Банскалиев

Лино Червар

Црвено-жолтите, кои на С... настапат во подмладен соста... во групата Б, каде што ривали... нис, Ангола, Словенија, Шпа... Исланд, а натпреварите ќе ги... во градот Мец.

- Можеме да бидеме изн... дување во Франција, иако н... стапиме во поинаков, под... ден состав од досегашниот... сакаме тоа и да го оствар... мораме да одиграме добро... кој натпревар и најважно... минеме првата фаза во на... група, а дури потоа да разм... ваме за понатаму - вели ле... репрезентативен бек Фили... лески.

Еден од младиот бран репр... тативци смета дека ниту еде... тивник на Македонија не тре... се потцени.

- Ние сме во тешка група ... СП. Токму затоа не треба д... цениме никого, па ниту Анг... особено не Тунис, кој е наш ... ник. Селекторот Червар го зн... цептот за успех, а ние, игра... треба во секој меч да прис... крајно сериозно и да давам... ксимум за она што ќе се поба... нас. Можни се изненадува... ова СП, но, сепак, најголеми... си за златниот медал ѝ дав... Франција - вели Талески.